ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерство за животна средина и просторно планирање, Државниот инспекторат за животна средина, Град Скопје и општините Битола, Кавадарци, Велес и Тетово.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на следење на препораките во конечниот извештај на овластениот државен ревизор на тема "Квалитет на воздух- кооперативна ревизија"

**Цел на ревизијата:**
Да се оцени степенот до кој препораките по утврдените состојби презентирани во Конечниот извештај "Квалитет на воздухот" се спроведени, како и да се даде оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

**Клучни утврдени состојби:**
Од десет препораки дадени во Конечниот извештај, една препорака е спроведена, три се во тек на спроведување, четири се делумно спроведени и две препораки не се спроведени.

- МЖСПП, ДИЖС и ЕЛС, како главни носители за креирање и спроведување на политиките за квалитетот на воздухот се соочуваат со недостиг на соодветен и стручен кадар.
- Како резултат на големиот број на законски надлежности на државните инспектори за животна средина, од вкупниот број извршени надзори во 2017, 2018 и 2019 година, по ЗКАВ извршени се 1%.
- Средствата што се издвојуваат од буџетите на централно и локално ниво се недоволни за имплементирање на мерките насочени кон намалувањето на загадувачките супстанци.

**Издадено мислење/заклучок*:** (црвено)

Статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки ни обезбедуваат основа да изразиме заклучок дека проблемот со загадувањето на воздухот бара системски интегриран пристап од сите засегнати страни (институциите на централно/локално ниво, приватниот сектор и граѓаните) на подолг рок.
Со преземените активности во последните три години не се постигнати посакуваните ефекти за намалување на загадувањето на воздухот.

**Клучни препораки:**

- Донесување на предлог измените за Законот за квалитетот на амбиентниот и Законот за инспекција во животната средина.
- Надлежните институции да го зајакнат административниот капацитет и да ги обезбедат потребните финансиски средства за реализација на мерките.
- Воспоставување на систем за подготовка и

**Клучни системски слабости:**
/

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
/

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-025/2018